„Оној што поради небрежност ќе го остави петочниот намаз трипати, Аллах ќе му го запечати срцето.“

Ебу Џад ед-Дамри, Аллах нека е задоволен со него – кој бил од асхабите – пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Оној што поради небрежност ќе го остави петочниот намаз трипати, Аллах ќе му го запечати срцето.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي وابن ماجه وأحمد]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, строго предупредува на опасноста од оставањето на петочниот намаз без оправдана причина. Оној што, поради негрижа и небрежност, ќе изостави три петочни намази – Аллах ќе му го запечати срцето и ќе го лиши од доброто.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65768